Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10, а во врска со член 41 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот на Советот, бр.02-3511/3 од 21.05.2015 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското Радио-Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, Уп 1 бр.02-775 од 11.05.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 18-та седница одржана на 21.05.2015 година донесе:

## ОДЛУКА

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското Радио-Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, и тоа:

1.1 за иступување на физичкото лице:
- Петар Робе, со ЕМБГ [redacted] и со адреса на ул. „[redacted]" бр.[redacted] во [redacted], и

1.2 за пристапување на физичкото лице:
- Методија Младеновски со ЕМБГ [redacted] и со адреса на ул. „[redacted]" бр.[redacted] во [redacted].

2. Се задолжува Трговското Радио-Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, по извршената промена, наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## Образложение

Трговското Радио-Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промената на сопственичката структура, бр.01-5739/1 од 19.11.2014 година, („Службен весник на Република Македонија", бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура Уп 1 бр.02-775 од 11.05.2015 година, ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за неговата намера да спроведе промена во сопственичката структура на Трговското Радио-Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола.

Со оглед дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, констатираше дека со спроведувањето на промената во сопственичката структура на Трговското Радио-Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, не се создава недозволена медиумска концентрација односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по поднесеното Известување за промена на сопственичка структура Уп 1 бр.02-775 од 11.05.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот.

**Уп 1 бр.02-775**
**21.05.2015 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**

**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Упатство за правно средство**: Против оваа одлука, радиодифузерот доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба до надлежниот суд.

**Доставено до:**

1. Трговското Радио-Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола;
2. Секторот за стратешко планирање и авторски права;
3. Секторот за правни и економско-финансиски работи;
4. Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на уписникот Уп 1.